**20180641190**

## СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на членот 75, ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

## УКАЗ ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА РАМНОМЕРЕН РЕГИОНАЛЕН РАЗВОЈ

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за рамномерен регионален развој,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 4 април 2018 година.

Бр. 08-2490/1
4 април 2018 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
д-р **Ѓорге Иванов,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
м-р **Талат Џафери,** с.р.

## ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА РАМНОМЕРЕН РЕГИОНАЛЕН РАЗВОЈ

Член 1

Во Законот за рамномерен регионален развој („Службен весник на Република Македонија“ број 63/2007, 187/13, 43/14 и 215/15), во членот 22 став (4) во алинејата 5 сврзникот „или“ се заменува со запирка, а сврзникот „и“ се заменува со запирка и се додаваат зборовите: „БУЛАТС (BULATS) - најмалку 60 бода или АПТИС (APTIS) - најмалку ниво Б2 (B2).“.

Алинејата 6 се брише.

Член 2

Одредбите од членот 22 став (4) алинеја 5 од Законот за рамномерен регионален развој („Службен весник на Република Македонија“ број 63/2007, 187/13, 43/14 и 215/15), и одредбите од членот 1 од овој закон со кој членот 22 став (4) алинејата 5 се дополнува, нема да се применуваат од денот на влегувањето во сила на овој закон до 1 септември 2018 година.

Член 3

Директорот кој е именуван во периодот од денот на влегувањето во сила на овој закон до 1 септември 2018 година, е должен да го исполни условот за познавање на странски јазик најдоцна во рок од една година од денот на неговото именување.

На директорот кој нема да го исполни условот за познавање на странски јазик во рокот утврден во ставот 1 на овој член му престанува мандатот.

Член 4

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.